# Доделени времени решенија на градоначалниците за инфраструктурни проекти од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година



На ден 17.08.2015 година во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој в.д. директорката Билјана Вуковиќ додели времени решенија на градоначалниците, за инфраструктурни проекти од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година. На јавниот повик број 04/2015 за доставување на барања за користење на средства од оваа програма, кој беше објавен на 04.05.2015 година со краен рок за доставување на барањата 15.06.2015 година, беа поднесени 208 барања за финансиска поддршка од кои одобрени се вкупно 180 во вкупна вредност од две милијарди и 55 милиони денари. Предмет на овој јавен повик беше доделување на финансиска поддршка за следниве три мерки: 321-Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини, доставени се 76 барања од кои одобрени се 62 со вкупна вредност од 971.188.000 денари, мерка 322-Обнова и развој на селата, доставени се 75 барања, од кои одобрени се 67 со вкупна вредност од 633.370.000 денари, и мерка 323-Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, примени се 57 барања, од кои одобрени се 51 со вкупна вредност од 450.360.000 денари.



На прес-конференцијата директорката истакна дека финансиската поддршка се исплаќа по принцип на финансирање на завршени инвестиции од страна на

корисникот во висина од 100% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестицијата како и дека по добивање на овие решенија, општините спроведуваат тендерска постапка, јавна набавка и по склучување на договор со економски оператор склучуваат договор за финансиска поддршка со Агенцијата. Исто така, таа информира дека повеќе општини имаат и по три времени решенија односно им се одобрени апликациите за трите мерки и забележителен е трендот на се поголема заинтересираност на општините за аплицирање за вакви инфраструктурни проекти со оглед дека во 2013 година беа доставени 178 барања за финансиска поддршка, од кои одобрени се 134 во вкупна вредност од една милијарда и 45 милиони денари.